Врз основа на членот 36 став 1 точка 1 и точка 15 од од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 22 став (1),точка 5 од истиот Закон и членот 7 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015, 39/2016 и 11/2018), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 22.12.2021 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за култура на Општина Кочани за 2022 година

## I. ВОВЕД

Со оваа програма Општина Кочани, како локална самоуправа, самостојно, во рамките на законот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење во областа на културата, утврдени со Законот за локалната самоуправа и Законот за културата.

Со членот 22 од Законот за локалната самоуправа утврдена е листа на надлежности на општините. Согласно точката 5 од ставот 1 на овој член, општините се надлежни за вршење работи во областа на културата – институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето разновидни специфични форми на творештво.

Согласно членот 7 од Законот за културата, локален интерес во културата, во смисла на овој закон, е културата што е јавен интерес од локално значење за граѓаните во единиците на локалната самоуправа. Локалниот интерес во културата, неговиот обем и неговото остварување се утврдуваат со општите акти на единиците на локалната самоуправа. Локалниот интерес во културата се финансира согласно со Програмата за култура што ја донесува советот на единицата на локалната самоуправа, согласно со закон. Локалниот интерес во културата се остварува согласно со овој закон, прописите за локалната самоуправа и за одделните дејности во културата.

Со Програмата за култура на Општина Кочани за 2022 година се опфатени активности насочени кон поддршка, организирање и реализирање на содржини и манифестации од областа на културата кои се од интерес на локалната заедница преку обезбедување институционална и финансиска поддршка на културни установи и проекти, заживување на урбаната култура и поголемо вклучување на младите во нејзиното креирањето, негување на фолклорот и обичаите, организирање културни манифестации и поттикнување разновидни форми на творештво.

Програмата за култура на Општина Кочани за 2022 година ги определува стратешките приоритети на Општина Кочани преку поддршка во сите облици на остварувањето на културата на локално ниво, пред се заради остварување на нејзините основни цели и тоа:

- Обезбедување активен однос на Општина Кочани кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата и создавање на услови за заживување на урбаната култура;
- Сочувување, поддршка и афирмирање на културниот идентитет на Општина Кочани;
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Кочани;
- Создавање услови за развој на културата, поддршка и промоција на здруженија, организации и поединци кои работат во полето на културата и
- Воведување нови форми на културно изразување, поттикнување на разновидноста во културата на локално ниво.

## II. ЦЕЛИ

Преку остварување на целите на Општина Кочани утврдени во оваа Програма од областа на културата за 2022 година, Општина Кочани ќе обезбеди:

- Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно - уметнички манифестации;
- Реализирање на манифестации, програми и проекти кои даваат посебно обележје на Општина Кочани;
- Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Кочани;
- Унапредување на меѓународната културната комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Кочани;
- Остварување продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници;
- Мотивирање за активно учество на локалните културни установи во реализирање на Програмата.

## III. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Кочани во областа на културата во 2022 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на стратешките цели на оваа Програма, и тоа преку:

1) Организирање манифестации и проекти од областа на културата во организација на Општина Кочани;
2) Поддршка на проекти на други институции, граѓански здруженија и поединци кои традиционално реализираат културни содржини од интерес на локалната заедница;
3) Издавачка дејност на Општината и печатење на промотивни материјали и
4) Поддршка на здруженија, организации и поединци кои нудат нови идеи и разновидност во областа на културата; поддршка на други непланирани настани, проекти, манифестации, изведувачи.

## 1 ) ОРГАНИЗИРАЊЕ КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ПРОЕКТИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА КОЧАНИ

### 1.1.„Денови на кочанскиот ориз“

Во 2022 година се планира истата да се реализира во соработка со фолклорни е здруженија од Кочани, при што ќе се задржи главниот централен наст н традиционалното зажнејување на оризот преку презентација на традиционална, рачна жетва на ориз на нивите во Кочанско, дополнет со презентација а традиционалната храна. Фолклорните здруженија ќе помогнат со подготвување а сценариото на настанот за зажнејување и на културната програмата за настап а фолклорните групи и изведувачи.

За организирањето на оваа манифестација ќе се формира Организационен одбор о одлука на градоначалникот кој ќе изготви посебна Програма за организирање а манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ во 2022 година.

За реализацијата на оваа манифестацијата потребни се средства за: ноќеван, репрезентација, договорни услуги- хонорари, набавка на прехранбени продукт, набавка на сувенири, озвучување, снимање, изработка на пропаганден матери (печатарски услуги) и др.

Планиран датум за реализација: 27 септември – 3 октомври 202

Планирани средства од буџетот на Општината: 600.000 денар

### 1.2. Петровден

Празникот Петровден Општина Кочани го одбележува како ден на Општината, но како духовен празник на Кочани. Одбележувањето на овој празник на Општината се реализира во соработка со Црковниот храм „Св. Ѓорѓи“ со одржување на литија во чест на апостолите Св. Петар и Павле како и преку организирање на духовн академија. Празникот ќе биде збогатен и со настапи на познати изведувачи.

Општина Кочани финансиски ќе поддржи активности:

- Дополнителни активности кои би ја збогатиле Програмата со проект, манифестации и изведувачи кои се пријавија на јавниот повик за прибиран предлози за креирање на програмата за култура на Општина Кочани за 202 година бр. 05-2329/1 од 05.10.2021 година, во рамките на планираните за ова активност средства.

Планиран датум за реализација: 6 – 12 јули 202

Вкупно планирани средства од Општината: 600.000 денар

### 1.3. „Урбан фест“

Примарната цел на фестивалот е развивање на урбаната култура, пред сè културата која директно ги засега младите. Фестивалот финансиски ќе биде поддржан о Општина Кочани во соработка со други јавни институции, здруженија и организаци. Акцент се става на вклучување на младите во организацијата на фестивалот.

Програмска шема на фестивалот: изработка на мурали и графити, настап на музичк групи на повеќе точки во градот, повеќе видови на работилници, предавања на теми

кои ја засегнуваат прогресивна младина, продажни штандови со различни содржини (ракотворби, минијатурни ликовни изработки, музички плочи, цедеа, стари инструменти, книги, стрипови и слично). Се планира фестивалот да се организира во летниот период (месец август), а истиот би се организирал во соработка јавна институција и/или со граѓански здруженија и изведувачи кои се пријавија на јавниот повик за прибирање предлози за креирање на програмата за култура на Општина Кочани за 2022 година бр. 05-2329/1 од 05.10.2021 година.

Планиран датум за реализација: 1 – 15 август 2022
Вкупно планирани средства од Општината: 600.000 денари

1.4. Свечена седница на Советот на Општина Кочани

За чествување на празникот „7 Септември – денот на ослободувањето на Кочани од фашистичката окупација", Советот на Општина Кочани ќе одржи свечена седница која би била збогатена со културен настан.

Планиран датум за реализација: 7 Септември 2022
Планирани средства од буџетот на Општината: 80.000 денари

1.5. Новогодишен концерт на ОМУ „Ристо Јуруков" – Кочани.

Новогодишниот концерт за Општина Кочани претставува многу значаен културен настан, на кој може да се види неприкосновениот квалитет на Основното музичко училиште „Ристо Јуруков" од Кочани со неговите наставници и ученици. Концертот во 2022 година ќе се одржи по 21. пат во организација на Општина Кочани, а во реализација на ОМУ „Ристо Јуруков" Кочани.

Планиран датум за реализација: 24 – 27 декември 2022
Планирани средства од Општина: 170.000

1.6. Меѓународен ден на Ромите

Осми април е денот посветен на историјата и културата на Ромите, кој се одбележува низ целиот свет. Меѓународниот ден на Ромите и оваа година ќе се реализира преку предложените програми на здруженија на граѓани од ромска националност, а Општината финансиски ќе ги поддржи активностите планирани за одбележување на денот на Ромите. Со организирање на овие културни активности се потенцира значењето на културните вредности и специфики на Ромската заедница, се поттикнува соживотот, толеранцијата и разбирањето во заедницата. Меѓународниот ден на Ромите ќе се одбележи со пригодни културно- спортски активности кои ќе имаат за цел да ги вклучат сите возрасни категории на граѓани.

Планиран датум за реализација: 8 Април 2021
Планирани средства: 120.000 денари

1.7. Манифестации поврзани со образованието

Преку Програмата за култура на Општина Кочани за 2022 година финансиски ќе се поддржат настани поврзани со образованието како априлијада, писателски караван, свечен прием на децата во детската организација и слично.

Планирани датуми за реализација:
Априлијада: 1 април 2022
Писателски караван: април или мај 2022
Прием на деца во Детската организација: средина на октомври 2022

Планирани средства од Општина: 90.000

| | |
|---|---|
| 1.8. Вкупно планирани средства за организирање на манифестации и проекти од областа на културата во организација на Општина Кочани: | 2.260.000 денари |

2) ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ НА ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ, ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА И ПОЕДИНЦИ КОИ ТРАДИЦИОНАЛНО РЕАЛИЗИРААТ КУЛТУРНИ СОДРЖИНИ ОД ИНТЕРЕС ЗА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

2.1. Општина Кочани во 2022 година финансиски ќе ги поддржи следните културни настани, фестивали, граѓански здруженија и поединци:

2.1.1 Драмски аматерски фестивал (ДАФ)

Како и во претходните години, ДАФ ќе продолжи да ја збогатува својата програма со различни настани и да го шири своето поле на делување. Општина Кочани секоја година финансиски го поддржува фестивалот во рамки на своите можности. Фестивалот е од големо и непроценливо значење не само за градот, туку и за целата држава.

Планиран датум за реализација: мај-јуни 2022
Планирани средства: 400.000 денари

2.1.2. Влашка средба

Секоја година Здружението на Власите „Грамостеањ" традиционално организира средба на Власите од Република Македонија. Средбата се одржува на падините на Осоговските планини, а Општина Кочани ја поддржува со технички персонал, финансиска и материјална помош.

Планиран датум за реализација: 11 – 13 јули 2022
Планирани средства: 15.000 денари

2.1.3. Вечер на афоризми

„Вечер на македонскиот афоризам", настан на кој присуствуваат афористичари од цела Македонија. Организатор на „Вечер на македонскиот афоризам" е Афористичката репрезентација на Македонија со седиште во Општина Кочани.

Планиран датум за реализација: почеток на април 2022
Планирани средства: 20.000 денари

2.1.4. Поддршка на фолклорните друштва и здруженија

Општина Кочани и во 2022 година финансиски ќе ги поддржи фолклорните друштва и здруженија од Кочани: ФА „Љупчо Сантов", ФА „Руен" и останати фолклорни здруженија, во рамките на вкупните планирани средства и врз основа на активностите кои планираат да ги реализират здруженијата, а во зависност од можността земајќи ја во предвид пандемијата Ковид-19.

Планирани средства: 200.000 денари

2.1.5. Денови на медот

Настан во организација на здружението на пчеларите од Кочани. На настанот со свои производи од мед се претставуваат пчелари од различни краеви од Македонија.

Планиран датум за реализација: крај на септември – почеток на октомври 2022
Планирани средства: 10.000 денари

2.1.6. Поддршка на музичка продукција

Општина Кочани за 2022 година планира да поддржи проект од музичката продукција како издавање на ЦД, ДВД, грамофонска плоча и слично. Финансиски ќе се поддржат:

- Проекти, манифестации и изведувачи кои се пријавија на јавниот повик за прибирање предлози за креирање на програмата за култура на Општина Кочани за 2022 година бр. 05-2329/1 од 05.10.2021 година, во рамките на планираните за оваа активност средства.

Вкупно планирани средства: 60.000 денари

2.1.7. Здружение на борците – Кочани

Општина Кочани финансиски ќе го поддржи Здружението на Борци – Кочани за реализација на програмски активности на здружението .

Планирани средства за поддршка: 20.000 денари

| | |
|---|---|
| 2.1.8. Вкупно планирани средства за поддршка на проекти на други институции, граѓански здруженија и поединци кои традиционално реализираат културни содржини од интерес на локалната заедница: | 725.000 денари |

2.2. Утврдување на критериуми за распределба на средства од Програмата за култура

Со оваа Програма за култура се утврдуваат следните критериуми за распределба на средства и тоа:

2.2.1 Општи критериуми:

За обезбедување на финансиска / техничка поддршка за организирање/реализирање на планиран настан, проект и др. од Програмата за култура на Општина Кочани барателот поднесува барање за одржување / организирање на културниот настан кое ги содржи следните податоци:

- финансиска конструкција на проектот/настанот,
- цел на настанот,
- место и време на одржување.
- во кој дел му е потребна финансиската поддршка од Општината.

2.2.2. Посебни критериуми за разгледување и оценување на пријавените проекти/ настани/активности од страна на здруженијата и поединци од Општина Кочани заради распределба на средства од буџетот на Општина Кочани:

Заради аплицирање на средства од буџетот на Општина Кочани, Општина Кочани секоја година распишува јавен повик за пријавување на проекти од областа на културата. Пристигнатите предлог-проекти ќе ги разгледува и рангира посебна Комисијата формирана од страна на Градоначалникот на Општина Кочани.

За аплицирање по објавениот јавен повик за добивање средства од Буџетот на Општина Кочани за реализација на проекти/настани/активности во утврдениот рок, барателот самостојно или во соработка или партнерство со други здруженија, организации, установи, институции, бизнис-сектор или поединци треба да ги исполнува следните критериуми:

1. Здружението/организацијата/поединецот својот проект да го реализира на територијата на Општина Кочани или со меѓународно учество да ја афирмира Општината,
2. За апликации со побаран износ под 50.000 денари, здружението / организацијата да делува најмалку 6 месеци;
3. За апликации со побаран износ над 50.000 денари, здружението / организацијата да има реализирано најмалку 1 проект;
   *Исклучок од точките 4 и 5 може да се направи само доколку при разгледување на предлог проектите Комисијата оцени дека поднесениот проект е од важно локално значење за општината во областа на културата од аспект на масовен развој на локалниот интерес/ пошироко анимирање на младите и/или помалите;*
4. Барателот да има доставено извештај за сработените – реализирани проекти до Општина Кочани, кои биле финансирани од страна на општината;
5. Барателот треба да достави портфолио за реализираните проекти;

6. Барателот да приложи опис на проектот, концепт, карактер на проектот – дали е концепцијата оригинална, дали е здружението / организацијата член на домашни и меѓународни организации или други субјекти, да се опише целта на проектот, ефектот кој би го постигнал и неговата одржливост;
7. Приоритет имаат проекти со кои барателот би остварил не само локален, туку и регионален и поширок ефект.

**Музички изданија**

8. Музичкиот состав или музичарот / музичарката за кој се аплицира, да се /е роден /а или да живее во Општина Кочани. Доколку се аплицира за група – мнозинството од групата треба да се жители на Кочани.

9. Музичкиот материјал со кој се аплицира и се претендира да биде објавен на физички носач на звук, мора да е отпеан на македонски јазик или на еден од јазиците на националностите кои живеат во општина Кочани.

10. Овој конкурс не се однесува на снимање на песни или пак објавување на носач на звук на само една песна. Конкурсот е за поддршка за објавување на комплетен албум.

11. Материјалот со чии текстови се поттикнува расна, национална и верска или друга нерамноправност или омраза, нема да се разгледуваат.

12. Изданијата кои ќе бидат финансиски поддржани, односно пораките кои се упатуваат преку нив, не мора да го одразуваат официјалниот став на општината по одредени прашања.

13. Пријавата треба да содржи биографија на изведувачот / составот со список на јавни настапи, опис на проектот – албумот (музички жанр, идеја, текстови, број на песни, приближен датум за издавање на албумот...). Пожелно е да се доставаат и аудио записи, како од претходни албуми или синглови, така и од материјалот за кој се аплицира.

## 3) ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА ОПШТИНАТА И ПЕЧАТЕЊЕ ПРОМОТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ

### 3.1. Издавачка дејност

Општина Кочани секоја година издава или подржува издавање на дела од автори кои се пријавија на јавниот повик за прибирање предлози за креирање на програмата за култура на Општина Кочани за 2022 година бр. 05-2329/1 од 05.10.2021 година, а се од интерес за Општината. Благодарение на таквата поддршка се создадоа дела кои се значајни за општината. И во текот на 2022 година се планира издавање на дела од различни области за кои ќе се оцени дека се значајни за Општината, по предлог на

поединци или по предлог на Градоначалникот. Промотивниот материјал пак е задолжителен за промоција на достигнувањата како на културен план така и пошироко и во голема мерка е дел од работата на Одделението за јавни дејности.

Издавачката дејност- публикации опфаќа:
- Поддршка на научно – истражувачки дела;
- Поддршка на дела од уметничка литература;
- Поддршка на дело од стрип литература;
- Откуп на значајни литературни дела кои се веќе издадени а се од интерес за Општината.

Планирани средства: 190.000 денари

3.2. Печатење промотивни материјали
За потребите на Општина Кочани за афирмирање и презентација на локално, национално и меѓународно ниво Општина Кочани обезбеди репрезентативен материјал за настаните кои ги организира, финансиски помага и подржува: тефтери, кеси, папки, покани, летоци, благодарници, дипломи, сувенири, по потреба маици како и друг репрезентативен материјал.

Планирани средства за рекламен материјал: 150.000 денари

| | |
|---|---|
| Вкупно планирани средства за издавачка дејност на Општината и печатење на промотивни материјали: | 340.000 денари |

4. ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА, ОРГАНИЗАЦИИ И ПОЕДИНЦИ КОИ НУДАТ НОВИ ИДЕИ И РАЗНОВИДНОСТ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА; ПОДДРШКА НА ДРУГИ НЕПЛАНИРАНИ НАСТАНИ, ПРОЕКТИ, МАНИФЕСТАЦИИ, ИЗВЕДУВАЧИ

4.1. Општина Кочани во 2022 година ќе обезбеди техничка и/или финансиска поддршка на здруженија, организации и поединци кои нудат нови идеи и разновидност во областа на културата; проекти, манифестации и изведувачи кои се пријавија на јавниот повик за прибирање предлози за креирање на програмата за култура на Општина Кочани за 2022 година бр. 05-2329/1 од 05.10.2021 година.

4.2. Општина Кочани ќе обезбеди финансиска поддршка за остварување на непланирани културни настани, организации и манифестации кои не се содржани во оваа Програмата за култура на Општина Кочани само доколку придонесуваат за остварување на целите на Програмата за култура на Општина Кочани и означуваат остварување на локален културен интерес на општината.

4.3. Општина Кочани секоја година поддржува (финансиски и материјално) дел од културните содржини кои се во организација на други институции, здруженија на граѓани или поединци, а кои се значајни за културното живеење во Општината.

| | |
|---|---|
| 4.4. Вкупно планирани средства за поддршка на здруженија, организации и поединци кои нудат нови идеи и разновидност во областа на културата; поддршка на други непланирани настани, проекти, манифестации, изведувачи: | 675.000 денари |

5. Рекапитулар

5.1. Финансиски рекапитулар за реализација на Програмата за култура за 2022 година:

| РЕКАПИТУЛАР | |
|---|---|
| 1. Организирање на манифестации и проекти од областа на културата во организација на Општина Кочани | 2.260.000,00 денари |
| 2. Поддршка на проекти на други институции, граѓански здруженија и поединци кои традиционално реализираат културни содржини од интерес на локалната заедница | 725.000,00 денари |
| 3. Издавачка дејност на Општината и печатење на промотивни материјали | 340.000,00 денари |
| 4. Поддршка на здруженија, организации и поединци кои нудат нови идеи и разновидност во областа на културата; поддршка на други непланирани настани, проекти, манифестации, изведувачи | 675.000,00 денари |
| Вкупно планирани средства за реализација на Програмата за култура за 2022 година: | 4.000.000,00 денари |

5.2. Средствата за реализирање на активностите од областа на културата на Општина Кочани за 2022 година ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кочани, од Буџетот на Република Северна Македонија, од спонзорства и донации.
При доделувањето на средствата ќе се земе предвид интерната процедура за постапување на Одделението за јавни дејности како и критериумите за одобрување на финансиска помош и поддршка на субјекти од областа на културата утврдени во неа.

5.3. Оваа Програма може да се изменува или дополнува во зависност од потребите на Општина Кочани.

5.4. Финансиската реализација на Програмата за култура на Општина Кочани за 2022 година е зависна од приходите во Буџетот на Општина Кочани за 2022 година.

IV.

1. Градоначалникот на Општина Кочани го обезбедува извршувањето на Програмата за култура на Општина Кочани за 2022 година.
2. Исплата на средствата за реализација на активностите предвидени во оваа Програма се врши со одлука на градоначалникот или од него овластено лице за потпишување.

V.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-3048/1
22.12.2021 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 22.12.2022 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
## во врска со Програмата за култура на Општина Кочани за 2022 година

I

Советот на Општина Кочани бара се преземат активности за формирање Младински културен центар .

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-3048/2
22.12.2021 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев